

ИЗДАНИЕ БР.14, МЕСЕЦ ЈУЛИ 2019

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2019 КАВАДАРЦИ

*Приказна под отворено небо!*

# ДАЛИ СТЕ СПРЕМНИ?

## 6-ти, 7-ми, 8-ми СЕПТЕМВРИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Асфалтирање на ул.Ило Костов на површина од 1450 метри квадратни и поплочување на тротоар на површина од 400 метри квадратни.

Набавени се нови 115 контејнери кои ќе бидат поставени како замена за старите кои се поставени во градското подрачје.
Старите контејнери ќе бидат поставени на локации кои имаат потреба од дополнителен контејнер за отпад.





Се реализираше проектот за изградба на 4 сообраќајни пречки за намалување на брзината на возење се со цел побезбеден сообраќај во с.Возарци.

Општина Кавадарци потпиша договори за неколку важни проекти кои ќе бидат помогнати од Влада на Република Северна Македонија. Првиот проект е изградба на атмосферска канализација и водовод во с.Сопот, вториот проект е велосипедско -пешачка патека од с.Ваташа до Моклиште и тампонирање на полски патишта кои водат кон обработливи земјоделски површини. За сите проекти Владата ќе учествува со околу 60 000 000 денари.





Реконструкција на водоводна линија во населба Бел камен со цел подобрување на водоснабдувањето,со должина од 150 метри

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Општина Кавадарци во склоп на програмата за комунална изградба реализира и проекти за подобрување на условите во образованието. Веднаш по завршувањето на учебната година општината преку ангажираната фирма започна со реализација на проектот за санација на покривот на зградата на Основното општинско училиште„Димката Ангелов-Габерот“ од Кавадарци. Предвидено е да се изврши замена на старат ќерамида, како и да се санираат оштетувањата на дрвената граѓа на целата површина на покривот. Со вој проект општината ќе изврши значајна интервенција за подобрување на условите во образовните институции. Зградата на училиштето е најстариот образовен објект во Кавадарци изграден на почетокот од триесеттите години на минатиот век во која без прекин цели 87 години се образуваат генерации кавадаречки деца.





Комуналната изградба се одвива со силен интензитет. Општината работи на реализација на проектот на тротоарот на улицата„7 Септември“. Се реконструира потегот од „Музеј-Галерија Кавадарци“ до салата„Партизан“.
Според проектот, на овој дел се врши поплочување на тротоар од павер елементи на површина од 900м2, а на делот до коловозот постојниот тротоар се пренамени во паркинг со корисна површина од 1.000 квадратни метри, каде ќе се изведе асфалтиран паркинг со нивото на улицата. Со овој зафат општината ќе санира еден од најкористените тротоари во градот кој води од центарот кон градскиот парк. Целта е да се уреди овој простор и да биде многу побезбеден како за пешаците, така и за одвивање на сообраќајот.

Нов комунално сообраќаен проект реализира општината Кавадарци на локацијата Парк„Полана“. Според проектот овде се прави простор за паркирање на лесни возила на улиците:„11-ти Октомври“,„Лазо Мицев“ и „Партизанска“. Новиот паркинг простор ќе биде на ниво на улиците, а возилата ќе се паркираат косо. Со овој зафат општината ќе реши еден проблем кој беше тесно сообраќајно„грло“ во најстариот центар на градот кај Марковата кула. Со реализација на проектот повеќе нема да има непрописно паркирани возила кои создаваат проблеми во нормалното одвивање на сообраќајот, посебно во пазарните денови среда, петок и недела. Општината со овој проект ќе заокружи уште еден комунален зафат, во кој покрај новиот простор за паркирање, минатата година се реновираа тротоарите на наведените улици со павер елементи, а беа поставени метални пречки за спречување на паркрање на тротоарите. Во овој дел на градот општината ќе создаде услови за правилно паркирање и непречено движење на пешаците и возилата.





Општина Кавадарци продолжува со реализација на проектот за санирање на фасадите на колективните станбени згради во централното градско подрачје, кои се утврдени како објекти од значење за Кавадарци.
Деновиве привршува ревитализацијата на зградата позната како„Југопластика“. Ова е четвртата од вкупно 13 згради на кои ќе се врши интервенција за санирање на сачокот, замена на олуците, како и крпење и фарбање на фасадите.
Акцијата започна со зафат на дел од зградата на Домот на културата„Иван Мазов-Климе“. Потоа се работеше на зградите бр.51, и бр.53, на ул.„7-ми Септември“.
Во наредниот период ќе се продолжи со градежни работи на зградата бр.32 (стара Автобуска) на ул.„Илинденска“.

Ангажираната фирма„Градба промет“ продолжи со градежните работи за изградба на сообраќајно- комуналниот проект кружен тек кај ВВ„Тиквеш“. Во оваа фаза се изведува проширување на коловозните ленти, вадење на стариот асвалт, како и тампонирање. Со овој зафат се оформува изгледот на новиот„турбо“ кружен тек на раскрсницата на улиците„Западен булевар“ со ул. 8„Септември“. Овој сообраќаен објект зафаќа површина од 3000м2, а согласно стандардите е со комплетна сообраќајна и комунална инфраструктура на јавно улично осветлување и хорти културно уредување. Овде се гради современо сообраќајно решение со кружен тек за експресно одвивање на сообраќајот по регионалната улица„Западен Булевар“. Општината Кавадарци инвестира 17,5 милиони денари, пари од буџетот за комунална изградба.
Општината апелира до сите учесници во сообраќајот за време на изградбата на кружниот тек да се придржуваат кон времениот режим на сообраќај, и во целост да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Општина кавадарци преку ЈП„Комуналец" продолжува со реализација на проектот за изградба на нов зелен пазар на просторот кај„Судската палата" во новиот центар.
Екипа на ЈП„Комуналец" ги постави првите 20 тезги со што започна опремувањето на пазарот. Според проектот во оваа фаза е предвидено да се постават 40 тезги за излагање и продажба на намирници.
Во првата фаза овој нов зелен пазар ќе служи како алтернатива, во периодот кога општината ќе започне да го реновина постојниот зелен пазар во центарот на градот.

Општината Кавадарци преку ангажираната оператива на градежната фирма„Градба промет" од Кавадарци успешно реализираше уште еден комунален проект.
На улицата„Галишка" која опфаќа повеќе споредни улички, беше извршено поплочување на уште еден крак. Со павер елементи се оформи урбанизирана површина на улица од 300 метри квадратни од трафостаницата во правец на запад и спојување на два претходно поплочени дела од овој крак на улицата. Општината со овој проект овозможи урбанизација на потег, со што жителите од овој дел на Кавадарци повеќе нема да се движат низ прашина и да газат кал. реализацијата на улиуцата е на барање на граѓаните од овој дел





Оштината преку оперативата на ангажираната фирма„Мулти градба" од Кавадарци реализираше уште еден комунален проект.
На улицата„Февруарски поход" е изграден потпорен ѕид од бетонски цигли ао намена за стабилизација на земјиштето и проширување на јавно прометната површина од учицата и просторот над ѕидот за влез во куќите.
Проектот се рализира на барање на граѓаните, а со неговата реализација општината реши уште еден проблем кој се провлекува низа години

Во фаза на релизација е уште еден комунален проект со чија изградба ќе се реши значаен комунален проблем за дел од жителите на улицата„Ѓоре Брушански".
Општина Кавадарци преку ангажираната фирма Мулти градба гради армирано бетонски потпорен ѕид во должина од 16 метри.
Ова е втора фаза од проектот кој започна да се реализира минатата година. Со изградбата на армирано-бетонскиот ѕид ќе се стабилизира земјиштето, а ќе се дооформи и коловозот на двете улици под и над ѕидот.





Фирмата АС Машини од Кавадарци денеска заврши со изградбата на тротоар на дел од улицата„Ѓоре Брушански". Со изградбата на овој тротоар Општина Кавадарци реализираше уште еден комунален проект кој го предава на користење на граѓаните.
Со овој зафат се надоградија дополнителни 500 метри квадратни тротоар, поплочен со павер елементи со што целата лева страна од кавадаречки дол сега има урбанизиран тротоар. Претходно општината го расчисти запуштениот простор со отстранување на шут и диво оставени предмети, ја оформи патеката на тротоарот и постави нови рабници.
Со овој проект се подигна квлитетот на живеење на граѓаните од овој дел на Кавадарци кои и ја дадоа иницијативата за урбанизација и оплеменување на просторот.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Општина Кавадарци ја реализира наредната фаза од изградбата на проширувањето на Западен булевар. Ангажираната фирма изведувач Градба промет работи на поставување на павер елементи на источниот тротоар од булеварот. Според проектот се гради нов тротоар во должина од 2х1000 метри, со широчина од 2 метри. Овде се поставуваат бехатон плочки на вкупна површина од 4 000 метри квадратни.
Со реализацијата на овој капитален инфраструктурен проект, северниот влез во Кавадарци, од правец на Скопје преку Росоман, ќе биде целосно урбанизиран и осовремен.





Во завршна фаза на реализација е проектот за реконструкција на улица„Скопска".
Деновиве беа поставени нови рабници на целата должина од улицата. Според проектот се реконструираат 170 метри од спојот со ул.Вишешница" до спојот со ул.„22ри Декември".
Општината со ЈП„Комуналец" изврши реконструкција на старата подземна инфрастуктура.
Се поставија нова водоводна, како и линии за фекална и атмосферска канализација.
По посатвувањето на рабниците ќе следи завршната фаза со асфалтирање.

Општината Кавардарци реализира проект со кој ќе ја унапреди уличната мрежа во населбата„Парк".
Оперативата на ангажираната фирма РМК градба од, во склоп на програмата за комунална изградба на Општина Кавадарци работи на пробивање на крак на улица„Дисанска".
Станува збор за сосема нова делница со површина од 250 квадратни метри.





Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата РМК градба, работи на поплочување на крак на улица„Григор Прличев". Проектот е во склоп на програмата за комунална изградба на општината за 2019 година.
Се работи за делница со површина од 250 квадратни метри. Со реализацијата на овој проект општината дополнително ќе ја унапреди уличната мрежа во Урбаната заедница „Страшо Пинџур".

Општина Кавадарци во рамките на Програмата за комуналната изградба реализира проект за градба на детска градинка во село Возарци. Станува збор за преадаптација на поранешниот објект на амбулантата, кој сега со реконструкцијата ќе биде двонаменски. Проектот предвидува изградба на детска градинка со преадаптација на дел од просторт каде ќе има занимална, санитарен јазол,чајна кујна и просторија, а преостанатиот простор ќе ја има функцијата на амбуланта. Овој проект општината го реализира на барање на жителите од Возарци. Со неговата изградба и предавање во функција општината ќе обезбеди подобри услови во делот на предшколската возраст како и во примарното здравство



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Новиот паркинг простор на локацијата Парк„Полана" ги добива своите контури. Деновиве општината преку ангажираната фирма поставува рабници, а паралелно се работи на поставувањето на бехатон коцки. Овој простор ќе биде на ниво на улиците, со намена за паркирање на лесни возила на улиците:„11-ти Октомври", „Лазо Мицев" и„Партизанска", а возилата ќе се паркираат косо.
Општината со овој проект беше принудена да зафати одреден мал процент од јавната површина на паркот, но за возврат со урбанизацијата граѓаните ќе добиат уште еден уреден комунален објект за одмор и рекреација. А со средувањето на сообраќајниот хаос во голема мерка ќе се подобри и безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Во овој дел на градот општината создава услови за правилно паркирање и непречено движење на пешаците и возилата

Деновиве започна ревитализацијата на фасадата на зградата позната како„Стара звтобуска". Ова е петтата од вкупно 13 згради на кои се врши интервенција за санирање на сачокот, замена на олуците, како и крпење и фарбање на фасадите. За оваа намена општината ќе инвестира 5.361.793 денари, а парите се обезбедени од буџетото на опшштината. Општина Кавадарци го продолжува проектот за санирање на фасадите на колективните станбени згради во централното градско подрачје, кои се утврдени како објекти од значење за Кавадарци. Според проектот наредна зграда за санација е зградата позната како „Монополска" на ул.„Илинденска" каде се наоѓа Тутунска банка.
Изведувач на работите е кавадаречката фирма„Метал Апостолов".





Оперативата на ангажираната фирма„АС-Машини" деновиве работи на изградба на тротоари на улиците „41 Дивизија" и„Кузман Јосифовски-Питу".
Според проектот на површина од 500 метри квадратни се посатвуваат бехатон коцки. Претходно на оваа површина беше отстранета вегетацијата, се поставија рабници за оформување на тротоарите и тампон како подлога за павер елементите.
Со реализацијата на овој проект Општината во овој дел на градот реализира уште еден комунален проект на барање на граѓаните. Тие сега ќе имаат повеќе урбанизира и уреден простор, како и зголемена безбедност при движењето на пешаците

# ТЕКОВНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ









Реконструкцијата на обиколницата е во звршна фаза.
Специјализираната екипа на ЈП„Комуналец“ изврши обележување на хоризонталната патна сигнализација на обиколницата Северен Булевар.

Ангажираната оператива работеше на поставување на вториот-фин слој асфалт на потегот од спојот со улицата„Ѓорѓи Соколов“ до улицата„Шишка“. паралелно со нив„Комуналец“ ги обележа линиите од патната сигнализација.

Реконструкцијата на Северен Булевар е финсирана преку проектот МСИП на ЕУ, за реконструкција на главните улици во градот.



# ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО С.МАРЕНА

Во село Марена беше предаден во работа објектот „Петар пан„ – детска градинка со опфат за згрижување на 25 до 30 деца. Градинката ја изгради Локалната самоуправа Кавадарци, а целосно ја опреми Министерството за труд и социјална политика. Ова е само почеток на зголемување на капацитетот за згрижување на деца во Општина Кавадарци. Во наредниот период со доградба на занимални на неколку објекти како и целосно нова детска градинка , се очекува целосно да се намали проблемот со згрижување на деца во градинките.
Градоначаникот Митко Јанчев, најави дека во текот на ова лето ке бидат предадени нови занимални со проширување на постојните единици , така што ќе се зголеми можноста од запишување на нови деца.
На свеченоста во село Марена присуствуваше и министерката за Труд и социјална политика Мила Царовска.




Sinalco
Sinalco
Sinalco


Sinalco
Sinalco





Во организација на Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци, а во соработка со Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ се оддржа балетската претстава “ЛА, ЛА, ЛА...!“ во изведба на балетски солисти при Националната опера и балет. Балетската претстава се оддржа во четврток, на 13 јуни 2019, во салата при Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ Кавадарци.



Во организација на Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци, а во соработка со Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ се оддржа Гала оперски концерт на врвни македонски оперски солисти, а во изведба на Националната опера и балет.

Концертот се оддржа во средата на 12 јуни 2019, во салата на Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ Кавадарци.

# ГФК ТИКВЕШ 1930 ОД КАВАДАРЦИ-ГЕНЕРАЦИЈА 2006





Минатиот месец ,Младиснкиот тим на ГФК Тиквеш 1930 од Кавадарци-генерација 2006 настапи на силен меѓународен турнир во фудбал -RC LENS CUP кој се одржа во Лондон Англија.Фудбалерите предводени од нашиот тренер Диме Златев оствария голем успех како за дебитанти на овој голем турнир освојувајќи го 8-то место од вкупен пласман од 26 екипи .Ова е голем успех за нашите млади фудбалери кои исто така го промовираа нашиот клуб,град и држава на еден ваков силен турнир на кои настапија многу познати и звучни имиња како Арсенал,Фулам,Ленс,Кристал Палас и Камбрич јунајтед кој го освои овогодинешиот турнир.

Тренерот и координаторот на младинската школа на ГФК Тиквеш -Трајче Димитриев ,се многу задоволни од учиникот на младите фудбалери кои успешно како дебитант на овој турнир го претставија нашиот клуб во најдобро светло и притоа се пласираа во ТОП 10 екипи на овој турнир.

Нашиот тим го освои 8-то место на овој силен турнир.

Ова е голем успех за нашиот клуб и град

Голема благодарност упатуваме и до сите кои несебично не поддржаа во сета организација и патување ,за тоа младите фудбалери да се најдат на овој силен меѓународен турнир ,и тука не застануваме не очекуваат уште многу вакви турнири во иднина.

# КАВАДАРЕЧКИОТ НОЌЕН ПОЛУМАРАТОН




Во недела 16.06.2019 се одржа второто издание на Кавадаречкиот Ноќен Полумаратон. Вкупно 200 тркачи од повеќе земји трчаа во три дисциплини низ улиците на Кавадарци, на 5 км, 10 км и полумаратон 21.1 км.
Трка која според се', сигурно ќе прерасне во традиционална, а по квалитет, се надеваме ќе стекне епитет на една од најдобрите во државата

## Победници на трките беа:

5КМ МАЖИ:
1. Григоријан Никовски
2. Јане Стојев
3. Милан Анѓелковиќ

5КМ ЖЕНИ:
1. Славица Игнатовска
2. Мицка Наумчевска
3. Андреја Ивановска

10КМ МАЖИ:
1.Андреас Стојановски
2. Никола Кутаноски
3. Иван Величковски

10КМ ЖЕНИ:
1. Марија Пеликон
2. Даниела Алексова
3. Симона Попова

Полумаратон мажи генерален пласман:
1. Никола Димитриоски
2. Игор Јакимовски
3. Петар Петров

Полумаратон жени генерален пласман:
1. Маја Рајчина
2. Бојана Јовановска
3. Жанета Богатиновска-Илиева

Полумаратон мажи 50+
1. Трајче Михов
2. Благоја Ацковски
3. Томислав Спасевски

Полумаратон жени 45+(немаше пријавено 50+)
1. Жанета Богатиновска-Илиева
2. Валентина Узунова

Организациониот одбор упатува голема благодарност до сите донатори и помагатели на трката, без чија помош се ќе беше многу потешко. Секако и до Општина Кавадарци, како главен покровител и многуте волонтери.

DECISIVE STRIKE EXERCISE
TSC KRIVOLAK - JUNE 2019

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ВООРУЖУВАЊЕ И ОПРЕМА ОД МАКЕДОНСКАТА АРМИЈА И АРМИЈАТА НА САД




# ВЕЖБА “ОДЛУЧЕН УДАР“

СТР. 14




32







# МОТО ФЕСТ 2019

Заврши уште едно издание на Мото Фестот кој традиционално се случува секои 14,15 и 16 јуни во Кавадарци, на локацијата 12 ваташки младинци.

Организаторите оваа година имаа голема поддршка од Општина Кавадарци и Градоначалникот Митко Јанчев.

Целиот фестивал имаше доста посетеност а самата организација помина во најдобар ред. Неколку дена по завршувањето на настанот, претставници од Tikvesh riders беа на состанок со Градоначалникот и му доделија Благодарница за добрата соработка.



Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**